# Службен гласник
## на Општина Струмица

Број 9 | Вторник , 22 мај 2007 год.

www.strumica.gov.mk


**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица:**


Стр.

**64.** **Одлука** за донесување на Урбанистичкиот план вон населено место Струмица, повеќенаменска индустриска зона – КО Сачево и КО Градско Балдовци ……………………. 2

**65.** **Заклучок** за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за периодот 01.01.2007 – 31.03.2007 година ………………………………………. 3

**66.** **Заклучок** за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Струмица за 2006 година …………………………..….. 4

**67.** **Заклучок** за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавниот ред и мир на подрачјето на општина Струмица во текот на 2006 година ……. 4

**68.** **Заклучок** за усвојување на Извештајот за безбедносната состојба во сообраќајот на подрачјето на општина Струмица ……………………………..….. 5

**69.** **Заклучок** за усвојување на Информацијата за состојбата со заразните заболувања и Реализираните активности по превентивните програми за 2006 година од страна на епидемиолошката дејност……………….. 6

**70.** **Заклучок** за усвојување на Извештајот за реализација на Струмичкиот карневал во 2007 година ………………… 6

Стр.

**71.** **Заклучок** за усвојување на Извештајот за работа на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица во 2006 година со Информација за семејното насилство… 7

**72.** **Заклучок** за усвојување на Извештајот за работата на Одделението за администратирање приходи (локални даноци и такси) за период 01.01. до 31.12.2006 година ………………………… 8

**73.** **Заклучок** за усвојување на Годишниот извештај на Одделението за инспекциски работи од областа на образованието за 2006 година ………... 8

**74.** **Заклучок** за усвојување на Извештајот за работа на Одделението за инспекциски работи во патниот сообраќај, локалните патишта и улици, урбанизмот и заштита на животната средина за 2006 година ………………….. 9

**75.** **Заклучок** за усвојување на Информацијата за организираниот превоз на учениците на подрачјето на Општина Струмица ……………………..…. 9

**76.** **Заклучок** за усвојување на Информацијата за состојбата со дивиоградбите во општина Струмица …… 10

**77.** **Заклучок** за усвојување на Информацијата за диви депонии во Општина Струмица ………………..……. 10

**78.** **Заклучок** за усвојување на Информацијата за состојбата со полските клозети во градот Струмица ……..……… 11


**Одделение за правни и општи работи**


**79.** **Исправка** на Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистичките планови на подрачјето на Општина Струмица за 2007 година …………………………………….. 12

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за донесување на Урбанистичкиот план вон населеното место Струмица, повеќенаменска индустриска зона- КО Сачево и КО Градско Балдовци

1. Се објавува Одлуката за донесување на Урбанистичкиот план вон населеното место Струмица, повеќенаменска индустриска зона – КО Сачево и КО Градско Балдовци, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 22.05.2007 година.

Број 08-2341/2 Градоначалник
22.05.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………

**64.**

Врз основа на член 26 точка 4 алинеа 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” број 51/05) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 22.05.2007 година, доенсе

**О д л у к а**
**за донесување на Урбанистичкиот план вон населено место Струмица, повеќенаменска индустријска зона –КО Сачево и КО Градско Балдовци**

Член 1

Се донесува Урбанистичкиот план вон населено место Струмица, повеќенаменска индустриска зона –КО Сачево и КО Градско Балдовци со површина од 44,46 ха.

Член 2

Составен дел на Планот се :

- Записник од спроведување на јавната анкета и јавната презентација по Урбанистичкиот план вон населено место Струмица, повеќенаменска индустриска зона – КО Сачево и КО Градско Балдовци .

- Согласност од Министерството за транспорт и врски, Сектор за уредување на просторот бр.17-6264 од 18.05.2007 година.

Комплетниот примерок од Планот е изработен од ДОО “Урбан“ Штип и содржи:
-текстуален дел
-графички приказ на планските решенија на опфатот
-билансни показатели за планскиот опфат и инфраструктурата.

Член 3

Урбанистичкиот план вон населено место Струмица, повеќенаменска индустриска зона – КО Сачево и КО Градско Балдовци ќе се завери во седум примероци со потпис на Претседателот на Советот и печат на Совет на општина Струмица.

Член 4

Урбанистичкиот план вон населено место Струмица, повеќенаменска индустриска зона – КО Сачево и КО Градско Балдовци ќе се достави до :

-еден примерок во Архивата на општина Струмица

-еден примерок во Секторот за урбанизам , комунални работи заштита на животната средина и ЛЕР

-еден примерок во надлежниот Државен архив

-еден примерок во Секторот за уредување на просторот при Министерството за транспорт и врски

-еден примерок во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам

-еден примерок во Државниот завод за геодетски работи

-еден примерок се изложува заради достапност на јавноста.

Член 5

Советот на општина Струмица во рок од 30 дена од донесувањето на Планот треба да обезбеди картирање на планот на хамер или астралон кои се предаваат во Државниот завод за

геодетски работи на чување и користење како подлога за издавање на нумерички податоци.

Член 6

Урбанистичкиот план вон населено место Струмица, повеќенаменска индустријска зона – КО Сачево и КО Градско Балдовци ќе го спроведува Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР при Општина Струмица.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица ".

Бр. 07-2341/1 Совет на општина Струмица
22.05.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за периодот од 01.01.2007 до 31.03.2007 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за периодот од 01.01. – 31.03.2007 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 18.05.2007 година.

Бр. 08-2271/2 Градоначалник
21.05.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………..

**65.**

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 61/04) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 18.05.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за периодот 01.01.2007 – 31.03.2007 година**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за периодот 01.01.2007 – 31.03.2007 година.

2. Составен дел на овој заклучок е Кварталниот извештај составен на Образец К1 и Образец К2.

3. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-2271/1 Совет на општина Струмица
18.05.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Струмица за 2006 година

1. Се објавува Заклучокот за реализација на Програмата за уредување на грдежното земјиште на подрачјето на општина Струмица за 2006 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 18.05.2007 година.

Бр. 08-2272/2 Градоначалник
21.05.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

## 66.

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 18.05.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Струмица за 2006 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Струмица за 2006 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-2272/1 Совет на општина Струмица
18.05.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавниот ред и мир на подрачјето на општина Струмица во текот на 2006 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавниот ред и мир на подрачјето на општина Струмица во текот на 2006 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 18.05.2007 година.

Бр. 08-2273/2 Градоначалник
21.05.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………………..

## 67.

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 18.05.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавниот ред и мир на подрачјето на општина Струмица во текот на 2006 година**

1. Се усвојува Извештајот за состојбата во областа на јавниот ред и мир на подрачјето на општина Струмица во текот на 2006 година.

2. Да се зголеми соработката помеѓу Секторот за внатрешни работи и органите на општина Струмица, во поглед на согледувањето на проблемите и преземањето на мерки за подобрување на состојбата со јавниот ред и мир на подрачјето на општина Струмица.

3. Надлежните органи да преземаат мерки за почитување на работното време од страна на сите угостителски објекти што се регистрирани на подрачјето на општина Струмица.

4. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-2273/1 Совет на општина Струмица
18.05.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за безбедносната состојба во сообраќајот на подрачјето на Општина Струмица

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за безбедносната состојба во сообраќајот на подрачјето на општина Струмица, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 18.05.2007 година.

Бр. 08-2274/2 Градоначалник
21.05.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………………

**68.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 18.05.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за безбедносната состојба во сообраќајот на подрачјето на општина Струмица**

1. Се усвојува Извештајот за безбедносната состојба во сообраќајот на подрачјето на општина Струмица.

2. Секторот за внатрешни работи до Одделението за комунални работи на Оштината да укажува на недостатоците во комуналната и сообраќајната инфрастурктура кои се одразуваат на безбедноста во сообраќајот.

3. Сообраќајната полиција да ги отстранува непрописно паркираните возила особено на обележените такси станици за да има простор за застанување на таксистите.

4. Сообраќајната полиција да ги отстранува моторциклите и другите возила од ул. “Благој Мучето”, од зградата на општина Струмица па се до градскиот парк бидејќи тоа е простор за пешаци.

5. Да се отстрануваат преправените моторни возила – машини за сечење дрва, запрежните возила и тракторите од сообраќајниците низ градот бидејќи ја нарушуваат безбедноста во сообраќајот.

6. Овој заклучок влегува во сила со објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр.07-2274/1 Совет на општина Струмица
18.05.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата со заразните заболувања и Реализираните активности по превентивните програми за 2006 година од страна на епидемиолошката дејност

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата со заразните заболувања и Реализираните активности по превентивните програми за 2006 година од страна на епидемиолошката дејност, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 18.05.2007 година.

Бр. 08-2275/2 Градоначалник
21.05.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………..

**69.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 18.05.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Информацијата за состојбата со заразните заболувања и Реализираните активности по превентивните програми за 2006 година од страна на епидемиолошката дејност**

1. Се усвојува Информацијата за состојбата со заразните заболувања и Реализираните активности по превентивните програми за 2006 година од страна на епидемиолошката дејност.

2. За спречување на појава на заразни заболувања потребно е едукативно делување на населението за преземање на општите и лични хигиенски мерки и активно делување на Општината за искоренување на нечистотијата.

3. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.02-2275/1 Совет на општина Струмица
18.05.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Струмичкиот карневал во 2007 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Струмичкиот карневал во 2007 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 18.05.2007 година.

Бр. 08-2276/2 Градоначалник
21.05.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………………..

**70.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 18.05.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Струмичкиот карневал во 2007 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Струмичкиот карневал во 2007 година.

2. Според оценката на Организациониот одбор, што е донесена според своите сопствени сознанија, но и според мислењето на учесниците во поодделните активности и на голем број анкетирани набљудувачи и гости, Карневалот – 2007 е најуспешено досега организиран.

3. Соработката на Организациониот одбор со покровителот на Карневалот, Градоначалникот и Советот на општина Струмица во периодот на организирањето и реализирањето на Карневалот беше на потребното високо ниво.

4. Заради вклучување на Министерството за култура во обезбедувањето средства за реализирање на активностите во рамките на Карневалот – 2008 потребно е да се направат работни средби со Министерот или со надлежни лица од Министерството, со вклучување на пратениците од Струмичкито регион без разлика на нивната партиска припадност.

5. За поуспешно и понавремено реализирање на подготовките неопходно е понавремено запознавање и реализирање на повеќе активности, особено околу обезбедувањето на ексклузивни спонзори.

6. Треба да се направи поголема соработка со основните училишта и со ЈУ "Детска Радост" Струмица за вклучување на повеќе организирани маскирани групи кои му даваат посебен белег на детскиот карневал.

7. Преку локалните електронски медиуми да се направат напори за едукација на родителите во однос на нивното однесување на детскиот карневал со кое допринесуваат за стварање на несакан неред.

8. Фирмите од угостителската дејност кои имаат најголема корист од организирањето на карневалските активности во иднина да се вклучат со поголем износ на средства.

9. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр.07-2276/1 Совет на општина Струмица
18.05.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјални работи Струмица во 2006 година со Информација за семејното насилство

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјални работи Струмица во 2006 година со Информација за семејното насилство, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 18.05.2007 година.

Бр. 08-2277/2 Градоначалник
21.05.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………………

**71.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 18.05.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за работа на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица во 2006 година со Информација за семејното насилство**

1. Се усвојува Извештајот за работа на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица во 2006 година со Информација за семејното насилство.

2. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр.07-2277/1 Совет на општина Струмица
18.05.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Одделението за администрирање приходи (локални даноци и такси) за период од 01.01. до 31.12.2006 год.

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Одделението за администратирање приходи (локални даноци и такси) за период од 01.01. до 31.12.2006 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 22.05.2007 година.

Бр. 08-2334/2 Градоначалник
22.05.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

**72.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 22.05.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за работата на Одделението за администратирање приходи (локални даноци и такси) за период 01.01. до 31.12.2006 година**

1. Се усвојува Извештајот за работата на Одделението за администратирање приходи (локални даноци и такси) за период 01.01. до 31.12.2006 година

2. Приоритетна задача на Одделението и во иднина да биде зголемување на процентот на наплата по основ на данок на имот и комунални такси ( заостанати обврски).

3. Да се изврши ревидирање на недвижниот имот кој преставува облог за данок на имот, кој ќе биде спроведен во 2008 година.

4. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-2334/1 Совет на општина Струмица
22.05.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај на Одделението за инспекциски работи од областа на образованието за 2006 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај на Одделението за инспекциски работи од областа на образованието за 2006 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 22.05.2007 година.

Бр. 08-2335/2 Градоначалник
22.05.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………

**73.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 22.05.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Годишниот извештај на Одделението за инспекциски работи од областа на образованието за 2006 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај на Одделението за инспекциски работи од областа на образованието за 2006 година.

2. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-2335/1 Совет на општина Струмица
22.05.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Одделението за инспекциски работи во патниот сообраќај, локалните патишта и улици, урбанизмот и заштита на животната средина за 2006 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на

Одделението за инспекциски работи во патниот сообраќај, локалните патишта и улици, урбанизмот и заштита на животната средина за 2006 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 22.05.2007 година.

Бр. 08-2336/2 Градоначалник
22.05.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………….

**74.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 22.05.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за работа на Одделението за инспекциски работи во патниот сообраќај, локалните патишта и улици, урбанизмот и заштита на животната средина за 2006 година**

1. Се усвојува Извештајот за работа на Одделението за инспекциски работи во патниот сообраќај, локалните патишта и улици, урбанизмот и заштита на животната средина за 2006 година.

2. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-2336/1 Совет на општина Струмица
22.05.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за организираниот превоз на учениците на подрачјето на општина Струмица

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Инфорамцијата за организираниот превоз на учениците на подрачјето на општина Струмица, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 22.05.2007 година.

Бр. 08-2337/2 Градоначалник
22.05.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………………….

**75.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 22.05.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Информацијата за организираниот превоз на учениците на подрачјето на Општина Струмица**

1. Се усвојува Информацијата за организираниот превоз на учениците на подрачјето на Општина Струмица.

2. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-2337/1Совет на општина Струмица
22.05.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за
усвојување на Информацијата за
состојбата со дивоградбите
во општина Струмица

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Инфорамцијата за состојбата со дивоградбите во општина Струмица, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 22.05.2007 година.

Бр. 08-2338/2 Градоначалник
22.05.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………..

**76.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 22.05.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Информацијата за состојбата со дивоградбите во општина Струмица**

1. Се усвојува Информацијата за состојбата со дивоградбите во општина Струмица.

2. Урбанистичко – градежните инспектори да извршат контрола на оградните зидови на новите објекти покрај патот кон Дабиле и оние кои немаат одобрение за градба да се рушат.

3. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-2338/1 Совет на општина Струмица
22.05.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за
усвојување на Информацијата за диви
депонии во општина Струмица

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Инфорамцијата за диви депонии во општина Струмица, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 22.05.2007 година.

Бр. 08-2339/2 Градоначалник
22.05.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………

**77.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 22.05.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Информацијата за диви депонии во Општина Струмица**

1. Се усвојува Информацијата за диви депонии во Општина Струмица;

2. За отстранување на дивите депонии да се спроведе организирано собирање, одведување и депонирање на комуналниот, градежниот и земјоделскиот отпад од населените места;

3. Да се одредат локални депонии за поедини населени места;

4. Подигање на свеста кај граѓаните, почнувајќи со едукација на учениците во основните училишта, преку средствата за информирање, преку стимулативни мерки – доделување награди и слично;

5. Поголема мобилност на инспекциските служби;

6. Да се испитаат можностите на Општината за поставување камери на најкритичните места каде се фрла отпад како што е каналот на "Крушевска Република", депонијата во Водоча и други места.

7. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-2339/1 Совет на општина Струмица
22.05.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата со полските клозети во град Струмица

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Инфорамцијата за состојбата со полските клозети во град Струмица, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 22.05.2007 година.

Бр. 08-2340/2 Градоначалник
22.05.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………….

**78.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 22.05.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Информацијата за состојбата со полските клозети во градот Струмица**

1. Се усвојува Информацијата за состојбата со полските клозети во градот Струмица.

2. Одделението за испекциски работи во патниот сообраќај, локалните патишта и улици, комуналиите, урбанизмот и заштита на животната средина до Советот на Општината да достави нова Одлука за комунален ред затоа што Одлуката донесена во 1997 година е застарена и не е во согласност со законите од оваа област донесени подоцна.

3. За подобрување на состојбата со полските клозети се предвидува: таму каде што има канализациона мрежа не може да постојат полски клозети, а таму каде нема канализациона мрежа полските клозети да се изградат согласно утврдените услови.

4. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-2340/1 Совет на општина Струмица
22.05.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………………

**79.**

По извршеното срамнување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистичките планови на подрачјето на општина Струмица за 2007 година, објавена во "Службен гласник на Општина Струмица" број 7/07, направена е грешка, поради што се дава

**И с п р а в к а**
**на Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистичките планови на подрачјето на Општина Струмица за 2007 година**

Во член 1 по став 2 се додава став 3 кој гласи:

"- По редниот број 19 се додаваат нови редни броеви и тоа:";

"- Ставот 3 станува став 4";

- Во став 4 алинеа 2 (реден број 5) наместо зборот "КО Куклиш - Свидовица" треба да стојат зборовите " КО Куклиш - Сириус".

Број 07-1700/3
21.05.2007 год
С т р у м и ц а

Од Одделението за
правни и општи работи
при Општинската
администрација
С т р у м и ц а